**20151845159**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 215 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14, 115/14, 116/15 и 153/15), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 1

Во Правилникот за одржување на катастарот на недвижностите („Службен весник на Република Македонија“ број 151/13, 8/15, 132/15, 147/15 и 156/15), членот 31 се менува и гласи:

„(1) При одржување на катастарот на недвижностите по пријава на органот надлежен за издавање на одобрение за градење /решение за изведување на градбата, односно поставување на опремата, се предбележува правото на сопственост и подоблиците на правото на сопственост (сосопственост и заедничка сопственост) на зграда и посебен дел од зграда, како и правото на сопственост на заедничките делови на зградата кои се во функција на посебниот дел од зградата, на другите објекти и на инфраструктурните објекти, кога се во фаза на градба, со запишување на податоци за лицата кои имаат право на градење согласно со одобрението за градење/решението за изведување на градбата, односно поставување на опремата и податоци за зградите, посебните и заедничките делови од згради преземени од основниот проект заверен од надлежен орган.

(2) Кон пријавата од ставот (1) на овој член надлежниот орган доставува правосилно одобрение за градење/решение за изведување на градбата, односно поставување на опремата, основен проект заверен од надлежен орган согласно со Законот за градење и доказ за платен надоместок за предбележувањето.“

Член 2

Во член 32 став (3) по зборовите: „одобрение за градење“ се додаваат зборовите: „/решение за изведување на градбата, односно поставување на опремата,“.

Во ставот (4) по зборовите: „одобрение за градење“ се додаваат зборовите: „/решение за изведување на градбата, односно поставување на опремата“.

Член 3

Во член 33 став (1) по зборовите: „одобрението за градење“ се додаваат зборовите: „/решението за изведување на градбата, односно поставување на опремата“.

Член 4

Во член 34 по зборовите: „сврзани со одобренито за градење“ се додаваат зборовите: „/решението за изведување на градбата, односно поставување на опремата“, а по зборовите: „правосилното одобрение за градење“ се додаваат зборовите: „/решение за изведување на градбата, односно поставување на опремата“.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 0101-12672/4 | Управен одбор |
| 21 октомври 2015 година | Претседател, |
| Скопје | **Анета Јорданова**, с.р. |